Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 21 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 февруари 2023 година**

Седницата започна во 13:35 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања,Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владатад-р Фатмир Бесими, министер за финансии,м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика,Ристо Пенов, министер за локална самоуправа,д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура,Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа и Снежана Наџаковска и Ирена Арнаудовска-Малинкова, претставници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владатад-р Бујар Османи, министер за надворешни работи,Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација,д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 122-та, 123-та, 125-та, 128-та и 130-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 1, 3, 8, и 12 февруари 2023 година

Пред преминување на Дневен ред:

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за одржан билатерален скрининг за област Економски критериуми од Кластер 1Фундаментални вредности

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 8 Политика на конкуренција од Кластер 2 Внатрешен пазар од 10 до 14 март 2023 година во Брисел

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 32 Финансиска контрола од Кластер 1 Фундаментални вредности, (одржан на 6 декември 2022 година)

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 24Правда, слобода и безбедност, Кластер 1Фундаментални вредности и преземени обврски

- Информација за подготовката на деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија кој ќе се одржи на 7 март 2023 година, во Скопје

- Информација за подготовка на 12 состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 9март 2023 година преку видеоконференциска врска, со предлог-заклучоци

- Информација за подготовка на деветнаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 9.3.2023 година

- Агенда за дигитална трансформација

- Информација со предлог-мерки за подобрување на безбедноста на информациските системи во институциите од јавниот сектор

1. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2023 година

2. Предлог-одлука за давање на согласност за пренесување на право на градење на објект за потребите на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Кавадарци

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.39/21)

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.106/21)

5. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

6. Информација за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

7. Информација за исплата на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје (Подружница Енергетика), согласно Одлуката за преземање на мерка за финансиска поддршка со засметување на разликата на цена на топлинската енергија на вршителите на енергетските дејности на пазарот на топлинската енергија за потрошената топлинска енергија од страна на потрошувачите на топлинска енергија од категорија домаќинства во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр. 41-2153/1 од 9.3.2022 година, со Предлог-одлука

8. Предлог-одлука за продажба на движни ствари

9. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

10. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од изменување на Одлуката за давање согласност за пренос на сопственост на објекти и на други облигациони обврски и права од Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Скопје 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр.218/15 и 58/16) и давање на согласност на Анекс-договор бр.4 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.04-902/1 од 8.6.2007 година, бр.09-1306/1 од 21.10.2014 година, бр.09-129/1 од 15.1.2016 година и бр.09-129/7 од 26.4.2016 година, со предлог-одлуки

11. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.485/3, КО Просениково-вон град)

12. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство на градежно земјиште со право на трајно користење

13. Предлог на закон за воздухопловство

14. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

15. Предлог-програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

16. Информација за статусот на спроведување на Акцискиот план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата, согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА III) за Годишната акциска програма за 2022 година и назначување на националниот координатор за авторизација (НАО) за ИПА III, со ревидиран Акциски план и Предлог-решение

17. Информација за постапување по Пресудата У.5 бр.925/2022 од 23.11.2022 година донесена од Управниот суд на Република Северна Македонија со која се поништи Одлуката за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „Тотал про спорт“ ДООЕЛ Скопје бр.41-3562/1 од 17.5.2022 година и Предлог-одлука за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница бр.44-12105/1 од 22.12.2020 година

18. Информација за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлука

19. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Крушево, Ресен, Струга, Кичево, Велес, Свети Николе, Кратово, Берово, Радовиш, Кавадарци и Неготино, со Предлог-решение

20. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Лебник“, с.Бели, Општина Кочани, со предлог-одлуки

21. Информација за набавката на услуги-превентивно и адаптивно одржување на мултиплатформски систем за колаборација за е-седница

22. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во Катастарската општина Кожле, Општина Петровец

23. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на локалитетот ,,Рошје“, с.Брник, Општина Новаци

24. Предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

25. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „Мастербет“ ДООЕЛ Скопје во автомат клубот кој се наоѓа на ул. „Вангел Тодоровски“ бр.5-1/приземје 4, Скопје-Аеродром

26. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „Бет Ту Мар“ ДООЕЛ Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „Беласица“ бр.2-локал Г1.01 Скопје, Гази Баба

27. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Трговското друштво „Монополи консалтинг“ ДООЕЛ Гевгелија за деловната просторија на ул. „101“ бб, Боговиње

28. Информација за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година, со Предлог-одлука

29. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Жупа(за потребите на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“, Центар Жупа, Република Северна Македонија)

30. Предлог-одлуказа престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер Сандево (за потребите на ООУ „Александар Урдаревски“, с.Сандево, Чучер-Сандево) и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер-Сандево (за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“, с. Кучевиште, Чучер-Сандево)

31. Предлог-одлуказа престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (за потребите на ОУ „Лирија“, с. Горно Јаболчиште, Чашка) и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (за потребите на ООУ „Тодор Јанев“, Чашка)

32. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Демир Хисар)
34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебрца

35. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ООУ „Саид Најдени“ Дебари на ООУ „Пенестија“, Дебар)

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Градско (за потребите на ООУ „Даме Груев“, Градско)

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дојран (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Нов Дојран, Дојран)

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Капија (за потребите на ООУ „Димче А. Габерот“, Демир Капија)

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Јегуновце (за потребите на ООУ „Шемшево“, с. Шемшево, Јегуновце)

40. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.7.2022 година до 31.12.2022 година

41. Барање за давање на автентично толкување на член 93-а од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), поднесено од пратеникот Јован Митрески

42. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.130/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став 1 во делот „закони“ од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21)

43. Понуда од нотар Надица Чаушевска-Заева од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13308 за КО Струмица, на КП бр.7859, викано место/улица „Чомлк“

44. Понуда од нотар Маргарита Вангелова од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1695 и Имотен лист бр.101006 за КО Богданци, на КП бр.8537, викано место/улица „Град“, со дополнување

45. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92977 за КО Ѓорѓе Петров 6-Ѓорѓе Петров , на КП бр.9718

46. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје, за право на првенство на купување на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 155/885 идеален дел од КП бр.4463/1, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентирано во Имотен лист бр. 2353 и недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 256/370 идеален дел од КП бр. 4463/3, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентирано во Имотен лист бр.96012

47. Понуда од нотар Кристина Костовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44759, за КО Гази Баба, на КП бр.1450, КП бр.1451, КП бр.1452, КП бр.1453, КП бр.1454, КП бр.1458/1, КП бр.1459, КП бр.1460, КП бр.1461, КП бр.1462, КП бр.1463, КП бр.1464, КП бр.1465 и КП бр.1469, викано место/улица „Перо Наков“

48. Понуда од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.16013 за КО Горно Лисиче-вонград, на КП бр.3660/1, викано место/улица „Бозеите“

49. Понуда од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19976 за КО Битола 1/2, на КП бр.5616, викано место/улица „Довлеџик“ и Имотен лист бр.16923 за КО Битола 1/2, на КП бр.5613 и КП бр.5614, викано место/улица „Довлеџик“

50. Понуда од нотар Агрон Арслани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1969, Имотен лист бр.1970 и Имотен лист бр.1968 за КО Чаир, на КП бр.68, КП бр.67 и КП бр.75, викано место/улица „Чаир“

51. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот-градежно земјиште запишан во Имотен лист бр.509 за КО Горно и Долно Оризари на КП 570/2 викано место/улица „Брест“, со дополнување

52. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.51755 и Имотен лист бр.51752 за КО Калуѓерица, на КП бр.2739 и КП бр.2718, викано место/улица „Плоча“

53. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 24 февруари 2023 година, доставен под И.бр.2293/2018, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3563, за КО Бутел

54. Кадровски прашања

55. Прашања и предлози

56. Информација за работата на Советот за следење на состојбите во пензискиот систем

57. Информација за статус на Договор за финансиска поддршка бр. 12-7530/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, сточарство, превоз, угостителство, трговија и услуги Кожара МЕНД експорт-импорт ДООЕЛ Куманово

58. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 09-7030/1 од 11.8.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговското друштво за производство, трговија, угостителство и услуги Спектрум сервис ДООЕЛ увоз-извоз Тетово

59. Информација за статусот на Договорот за финансиска поддршка бр.09-7078/1 од 11.8.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Снегулка ДООЕЛ Скопје

60. Информација за статус на Договор за финансиска поддршка бр. 09-10989/1 од 14.10.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство трговија и услуги Артисан мебел ДОО увоз-извоз Струмица

61. Информација за статус на Договор за финансиска поддршка бр.10-7549/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство и промет Ука-комерц ДООЕЛ увоз-извоз Сарај

62. Информација за статус на Договор за финансиска поддршка бр.09-6956/1 од 10.8.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, промет, застапување и услуги Интерпласт ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

63. Информација за статус на Договор за финансиска поддршка бр. 12-7893/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, промет, застапување и услуги Илфа- текстил ДОО експорт-импорт Гостивар

64. Информација за статусот на Договорот за финансиска поддршка бр.10-7545/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Заштитното друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз Примариус Охрид ДОО

65. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Агенцијата за млади и спорт (Сметка на основен буџет 637-16, Сметка на приходи од самофинансирачки активности 787-14 и Сметка за приходи од донации 785-55)

66. Извештај за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2021 година

67. Информација за реализација на Програмата за заштита на природата за 2022 година, со Извештај за статус на реализација на активности за 2022 година

68. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево за четвртиот квартал на 2022 година (1 октомври 2022 година-31 декември 2022 година), со дополнителни табели

69. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, за периодот октомври-декември 2022 година

70. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“-Скопје, за периодот VII-IX2022 година

71. Акциски план за отстранување на основите за мислење со резерва во Извештајот од независен ревизор за Годишната сметка за 2021 година, на АД Електрани на Северна Македонија

72. Акциски план за отстранување на основите за мислење со резерва во Извештајот од независен ревизор за Консолидираната годишна сметка за 2021 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

73. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година

74. Информација за донесување на одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

75. Предлог-закон на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри

76. Информација за регистрација на шема за електронска идентификација за Отворен балкан во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација

77. Информација за исплата на пензии за февруари 2023 година

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 122-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година, Записникот од 123-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година, Записникот од 125-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2023 година, Записникот од 128-таседница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 февруари 2023 година и Записникот од 130-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 февруари 2023 година.

*

*  *

- Пред преминување на Дневен ред

  - **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**- Информација за одржан билатерален скрининг за област Економски критериуми од Кластер 1Фундаментални вредности**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за одржан билатерален скрининг за област Економски критериуми од Кластер 1-Фундаментални вредности.

**- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 8 Политика на конкуренција од Кластер 2 Внатрешен пазар од 10 до 14 март 2023 година во Брисел**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 8 Политика на конкуренција од Кластер 2 Внатрешен пазар од 10 до 14 март 2023 година во Брисел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавјето 8-Политика на конкуренција при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за правда да достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата и Секретаријатот за европски прашања став во врска со Директивата 2014/104/ЕУ и Соопштението од Комисијата за квантифицирање на штетата во тужби за штети врз основа на прекршување на член 101 или 102 од Договорот за функционирање на Европската унија, во однос на степенот на усогласеност во националните прописи и рокови за нивно транспонирање, најдоцна до 24 февруари 2023 година.

4. Се задолжува Кабитетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во соработка со Министерството за економија, да подготви предлог одговор кој би го презентирале на билатералниот скрининг доколку Европската комисија ги повтори сомнежите за усогласеноста на Законот за финансиска поддршка на инвестициите со Насоките за регионална помош на европската комисија, конкретно во врска со постоењето на елементи на дискриминација за потеклото на компаниите, добавувачите и вработените и легитимноста на предвидената извозна помош и да го достави до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 24 февруари 2023 година.

5. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата, да подготви предлог одговор за тоа дали индивидуалните проекти за доделување на државна помош кои произлегуваат од Законот за стратешки инвестиции претходно се претходно консултирани со Комисијата за заштита на конкуренцијата и да го достави до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 24 февруари 2023 година.

**- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 24Правда, слобода и безбедност, Кластер 1Фундаментални вредности и преземени обврски**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 24-Правда, слобода и безбедност, Кластер 1Фундаментални вредности и преземени обврски, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања,

преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на дополнителните прашања за Поглавје 24 Правда, слобода и безбедност, на англиски јазик до Европската комисија, најдоцна до 28.2.2023 година.

**- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 32 Финансиска контрола од Кластер 1 Фундаментални вредности**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 32 Финансиска контрола Кластер 1Фундаментални вредности, (одржан на 6 декември 2022 година) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на дополнителните прашања и прилозите до Европската комисија на англиски јазик, најдоцна до 28.2.2023 година.

**- Информација за подготовката на деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија кој ќе се одржи на 7 март 2023 година, во Скопје**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија кој ќе се одржи на 7 март 2023 година, во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање, Каја Шукова, за претседавач со Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се оддржи на 7 март 2023 година, во Скопје

2. Се задолжува претседавачот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика и истата да ја достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 5 март 2023 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионална политика, да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето на истите од страна Владата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави материјал до Секретаријат за европски прашања за точка 2 животна средина во однос на капацитетите за животна средина на локално ниво, податоци од единиците на локална самоуправа во однос на мерките и активностите за заштита на квалитетот на воздухот и информации за спроведени процедури за Стратешка оцена на влијание врз животната средина, најдоцна до 23.2.2023 година.

5. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да достави номинација на лица кои ќе учествуваат на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика

и регионална политика, до Секретаријат за европски прашања, најдоцна до 23.2.2023 година.

**- Информација за подготовка на 12 состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 9ти март 2023 година преку видеоконференциска врска, со предлог-заклучоци**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Дванаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 9 март 2023 година, преку видеоконференциска врска, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува Билјана Николовска-Жагар од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за копретседавач на Специјалната група за реформа на јавната администрација.

2. Се задолжува ко-претседавачот на Специјалната група за реформа на јавната администрација во координација со Секретаријатот за европски прашања, врз основа на номинациите добиени од институциите, најдоцна до 3 март 2023 година, да го определи составот на Делегацијата на Република Северна Македонија која ќе учествува на Дванаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, што ќе се одржи на 9 март 2023 година, преку видео-конференциска врска.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да организира подготвителен состанок најдоцна до 3 март 2023 година, во насока на соодветна подготовка на Делегацијата на Република Северна Македонија која ќе учествува на Дванаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, што ќе се одржи на 9 март 2023 година, преку видео-конференциска врска.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања веднаш по усвојувањето од Владата, да го достави пишаниот позадински материјал на англиски јазик до Европската комисија.

**- Информација за подготовка на деветнаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 9.3.2023 година**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на деветнаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 9.3.2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го назначи Живко Брајковски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за копретседавач на Поткомитетот за земјоделство и рибарство.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија.

- **Агенда за дигитална трансформација**

**- Информација со предлог-мерки за подобрување на безбедноста на информациските системи во институциите од јавниот сектор**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог-мерки за подобрување на безбедноста на информациските системи во институциите од јавниот сектор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државна управа, а им се укажува на институциите кои не се органи на државна управа, да определат лице одговорно за информациска безбедност во нивните организации, со цел навремено пријавување на инциденти и размена на информации за инциденти, ранливост, закани и ризици поврзани со безбедноста на информациските системи до Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT, во рок од 15 дена.

2. Се задолжуваат сите органи на државна управа, а им се укажува на институциите кои не се органи на државна управа, да достават до Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT пополнет или ажуриран Образец за регистрација на конституенти и пополнет Образец-Барање за регистрација на користење на бесплатна услуга за надворешна сајбер безбедносна проверка на веб-апликации, во рок од 30 дена.

3. Се задолжуваат сите органи на државна управа, а им се укажува на институциите кои не се органи на државна управа, сите вработени задолжително да се регистрираат и да завршат една од следните обуки: Основна обука за сајбер безбедност за вработени во јавната администрација и вработени во приватниот сектор или Основна обука за сајбер безбедност за менаџерски и раководен персонал во јавен и приватен сектор кои се достапни на веб-локацијата: https://lms.mkd-cirt.mk/, во рок од 90 дена.

4. Се задолжуваат сите органи на државна управа, а им се укажува на институциите кои не се органи на државна управа, да воспостават и понатаму за службена комуникација да користат исклучиво службени е-маил адреси на службен домен, во рок од 90 дена.

5. Се задолжуваат сите органи на државна управа, а им се укажува на институциите кои не се органи на државна управа да направат план за реализација и да ги предвидат финансиските импликации на мерките на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT, достапни на веб-локација: https://aek.mk/en/soopstenie/, во рок од 90 дена.

6. Се препорачува на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти MKD-CIRT при Агенцијата за електронски комуникации да достави до Владата извештај за спроведена бесплатна надворешна сајбер-безбедносна проверка на веб-апликации на пријавените институции, во рок од 60 дена.

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

*

*     *

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренесување на право на градење на објект за потребите на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Кавадарци.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.39/21).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.106/21).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на Основен суд Битола.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 7**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за исплата на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје (Подружница Енергетика), согласно Одлуката за преземање на мерка за финансиска поддршка со засметување на разликата на цена на топлинската енергија на вршителите на енергетските дејности на пазарот на топлинската енергија за потрошената топлинска енергија од страна на потрошувачите на топлинска енергија од категорија домаќинства во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр. 41-2153/1 од 9.3.2022 година, со Предлог-одлука.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија).

## Точка 9

Владата по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од изменување на Одлуката за давање согласност за пренос на сопственост на објекти и на други облигациони обврски и права од Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Скопје 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр.218/15 и 58/16) и давање на согласност на Анекс-договор бр.4 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.04-902/1 од 8.6.2007 година, бр.09-1306/1 од 21.10.2014 година, бр.09-129/1 од 15.1.2016 година и бр.09-129/7 од 26.4.2016 година, со предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање согласност за пренос на сопственост на објекти и на други облигациони обврски и права од Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште во Технолошко-индустриската развојна зона Скопје 1.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс Договор бр.4 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр.04-902/1 од 8.6.2007 година, бр.09-1306/1 од 21.10.2014 година, бр.09-129/1 од 15.1.2016 година и бр.09-129/7 од 26.4.2016 година, склучен со Делфи електроник системс Македонија ДООЕЛ Скопје како закупец.

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.485/3, КО Просениково-вон град).

## Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство на градежно земјиште со право на трајно користење.

## Точка 13

Владата го разгледа Предлогот на закон за воздухопловство, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Снежана Филиповска-Павловска, раководител на сектор во Министерство за транспорт и врски.

## Точка 14

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

## Точка 15

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на спроведување на Акцискиот план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата, согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА III) за Годишната акциска програма за 2022 година и назначување на националниот координатор за авторизација (НАО) за ИПА III, со ревидиран Акциски план и Предлог-решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати ревидираниот Акциски план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА III) за Годишната акциска програма за 2022 година.

2. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања и Министерството за транспорт и врски, а се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие Железници на Република Северна Македонија-Инфраструктура да ги формализираат актите за организација и систематизација во делот на ИПА структурите согласно барањата за имплементација на ИПА III, најдоцна до 28 февруари 2023 година.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања како НИПАК Секретаријат, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски, најдоцна до март 2023 година, да обезбедат минимум број на потребни вработени во рамки на ИПА структурите за имплементација на Годишната акциска програма за 2022 година од ИПА III, додека оптималниот број на потребни вработени согласно анализите за обем на работа, најдоцна до крајот на јуни 2023 година, имајќи ја предвид можноста за интерни прераспределувања, унапредувања и нови вработувања.

4. Го донесе Решението за назначување на национален координатор за авторизација во системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош-ИПА III.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по Пресудата У.5 бр.925/2022 од 23.11.2022 година донесена од Управниот суд на Република Северна Македонија со која се поништи Одлуката за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „Тотал про спорт“ ДООЕЛ Скопје бр.41-3562/1 од 17.5.2022 година и Предлог-одлука за одземање на Лиценцата за

приредување на игри на среќа во обложувалница бр.44-12105/1 од 22.12.2020 година, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница издадена на Друштвото за трговија и услуги „Тотал про спорт“ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлука поради дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски ситем и тековна економска политика.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Крушево, Ресен, Струга, Кичево, Велес, Свети Николе, Кратово, Берово, Радовиш, Кавадарци и Неготино, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Лебник“, с.Бели, Општина Кочани, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за набавката на услуги-превентивно и адаптивно одржување на мултиплатформски систем за колаборација за е-седница и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023, 2024 и 2025 година на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за набавка на услуги-превентивно и адаптивно одржување на мултиплатформски систем за колаборација за е-Седница, во вкупна вредност од 40.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа: 15.000.000,00 денари во 2023 година, 15.000.000,00 денари во 2024 година и 10.000.000,00 денари во 2025 година.

2. Потребните средства за реализација на плаќањето во 2023 година се обезбедени во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, во рамките на раздел 04001 Влада на Република Северна Македонија, програма 3-Информатичка поддршка на Владата, потпрограма 30-Информатичка поддршка на Владата.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, во раздел 04001 Влада на Република Северна Македонија, програма 3-Информатичка поддршка на Владата, потпрограма 30-Информатичка поддршка на Владата, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во Катастарската општина Кожле, Општина Петровец.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на локалитетот ,,Рошје", с.Брник, Општина Новаци.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 25**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „Мастербет" ДООЕЛ Скопје во автомат клубот кој се наоѓа на ул.„Вангел Тодоровски" бр.5-1/приземје 4, Скопје-Аеродром.

**Точка 26**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „Бет Ту Мар" ДООЕЛ Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„Беласица" бр.2-локал Г1.01 Скопје, Гази Баба.

**Точка 27**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Трговското друштво „Монополи консалтинг" ДООЕЛ Гевгелија за деловната просторија на ул. „101" бб, Боговиње.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година.

## Точка 29

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Жупа (за потребите на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“, Центар Жупа, Република Северна Македонија).

## Точка 30

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер Сандево (за потребите на ООУ „Александар Урдаревски“, с.Сандево, Чучер-Сандево).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чучер-Сандево (за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“, с. Кучевиште, Чучер-Сандево).

## Точка 31

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (за потребите на ОУ „Лирија“, с. Горно Јаболчиште, Чашка).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (за потребите на ООУ „Тодор Јанев“, Чашка).

## Точка 32

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Димитар Миладинов“, Скопје, Центар).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Центар-Скопје).

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Киро Глигоров“, Центар, Скопје).

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Коле Неделковски“, Скопје).

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Скопје-Центар).

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“-Скопје).

7. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „11 Октомври“, Скопје, Центар).

8. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Скопје, Центар).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Демир Хисар).

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебрца (за потребите на ООУ „Дебрца“, с.Белчишта Дебрца).

**Точка 35**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ООУ „Саид Најдени“, Дебар).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар (за потребите на ООУ „Пенестија“, Дебар).

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Градско (за потребите на ООУ „Даме Груев“, Градско).

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дојран (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Нов Дојран, Дојран).

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Капија (за потребите на ООУ „Димче А. Габерот“, Демир Капија).

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Јегуновце (за потребите на ООУ „Шемшево“, с. Шемшево, Јегуновце).

**Точка 40**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.7.2022 година до 31.12.2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 110 став 3 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14,

146/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20 и 150/22), Регулаторната комисија за домување најмалку двапати годишно доставува извештај за своето работење до Собранието на Република Северна Македонија.

Извештајот содржи сублимат на работењето на Регулаторната комисија за домување и реализираните активности во втората половина од годината согласно законските надлежности.

Доставениот Извештај има за цел да ги прикаже реализираните активности во периодот од јули до декември 2022 година, а не за цела година.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.7.2022 година до 31.12.2022 година, со укажување на потребата истиот соодветно да се корегира, имајќи предвид дека презентираните финансиски показатели не се прикажани согласно извештајниот период.

## Точка 41

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 93-а од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), поднесено од пратеникот Јован Митрески и притоа го утврди следното мислење:

I. Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите. Според член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/08, 119/10 и 23/13), барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на Градот Скопје и Советите на општините и на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење. Согласно член 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барањето за давање на автентично толкување на Закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку Законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница. Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

II. Членот 93-а од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), гласи:

„(1)Во споровите кои ќе настанат во врска со утврдувањето на оспорените побарувања, како и за побивање на правни дејства во стечајната постапка суди стечајниот судија кој ја отворил стечајната постапка како судија поединец, односно претседател на совет.

(2)Постапката од ставот (1) на овој член е итна и предметите мора да бидат земени во работа, најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на тужбата, односно предлогот за продолжување на парницата.

(3)Постапката од ставот (1) на овој член се води според одредбите на парничната постапка со тоа што рокот за поднесување на одговор на тужба е осум дена,

рочиштето за главна расправа мора да се одржи, најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на одговорот на тужбата и постапката пред првостепениот суд мора да заврши во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на тужбата, односно предлогот за продолжување на парницата. Против пресуда донесена во прв степен рокот за поднесување на жалба е осум дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата.

(4)Во споровите од став (1) на овој член второстепениот суд е должен да донесе одлука по жалба поднесена против одлуката на првостепениот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата, односно во рок од 30 дена доколку пред второстепениот суд се одржи расправа.

(5)Во споровите од стечајната постапка кога тоа е дозволено со закон против правосилна пресуда донесена во втор степен странките можат да изјават ревизија во рок од 15 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата. Врховниот суд на Република Македонија одлуката по ревизијата ќе ја донесе, најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на предметот во работа".

Во однос на поставените прашања, Владата ги дава следните одговори:

1. Дали парничен предмет што е во две инстанци и кој се водел како граѓански-правен спор и поуките за роковите за жалба биле согласно Законот за парничната постапка, може да се оцени дали е стечаен во постапката по ревизија само затоа што една од странките е правно лице во стечај?

- Согласно член 92, став 1 од Законот за стечај, ако на денот на отворањето на стечајната постапка веќе се води парница за побарување пријавено во стечајната постапка, а стечајниот управник го оспорил побарувањето, во тој случај доверителот, односно оној кој го оспорува побарувањето е должен да достави предлог за продолжување на парницата во рокот од членот 91 став (1) од овој закон.
Стечајниот управник ја презема парницата во состојба во која се наоѓала во моментот на отворањето на стечајната постапка.

Согласно член 92, став 3 од Законот за стечај, ако парницата од ставот (1) на овој член не се води пред судот кој ја отворил стечајната постапка, судот пред кој се води парницата ќе ја прекине постапката, а по доставување на предлогот за продолжување на парницата ќе донесе решение со кое ќе се огласи за ненадлежен и предметот со сите списи ќе ги достави до судот кој ја води стечајната постапка. Против ова решение не е дозволена жалба.

Согласно член 93-а став 1 од Законот за стечај, во споровите кои ќе настанат во врска со утврдување на оспорените побарувања, како и за побивање на правни дејства во стечајната постапка суди стечајниот судија, кој ја отворил стечајна постапка како судија поединец, односно претседател на совет.

Согласно член 7 од Законот за стечај, на стечајната постапка соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка, ако со овој закон поинаку не е определено.

Согласно член 200, став 1, алинеја 5 од Законот за парничната постапка, постапката се прекинува, кога ќе настапат правните последици од отворање на стечајна постапка.

Согласно член 203, став 1 од Законот за парничната постапка, постапката што е прекината од причините наведени во членот 200 точки 1 до 5 на овој закон, ќе се

продолжи кога наследникот или старателот на оставината, новиот законски застапник, стечајниот управник или правните следбеници на правното лице ќе ја преземат постапката или кога судот по предлог од противната странка ќе ги повика да го сторат тоа.

Од вака поставените одредби, неспорно произлегува дека со настапување на правните последици од отворање на стечајна постапка над определно лице, сите постапки каде истото се јавува како странка се прекинуваат, се додека истите не бидат преземени од стечајниот управник.

Доколку се водат постапки за побарување на странка спрема стечајниот должник кои веќе се во постапување по изјавена ревизија, а побарувањата се пријавени во стечајната постапка и оспорени од стечајниот управник, овие постапки ќе бидат продолжени во смисла на членот 92, став 1 од Законот за стечај пред ревизискиот суд и ќе продолжат да се водат согласно одредбите од членот 93-а од Законот за стечај. Во вакви ситуации доверителот е должен кон пријавата на побарувањето, во смисла на член 87, став 3 од Законот за стечај, да го наведе бројот на предметот и судот кој постапува по истиот, како би можел стечајниот управник, во случај на оспорување, да ја продолжи парницата.

По однос на споровите кои ќе настанат во врска со побивање на правни дејства, неспорна е примената на одредбите од членот 93-а од Законот за стечај, бидејќи ваквите спорови се поведуваат по отворање на стечајната постапка, независно дали предметот е во постапка по ревизија. Тоа не значи дека оваа одредба се применува за сите видови спорови каде како странка се јавува стечајниот должник. Доколку стечајниот должник е странка каде што предмет на спор е побарување на стечајниот должник кон трето лице, или пак утврдување право на сопственост на имот за кој претендира стечајниот должник, таквите спорови ќе се водат согласно одредбите од Законот за парничната постапка, бидејќи примената на наведената одредба зависи од видот на спорот, а не од странките во постапката.

2. Дали членот може да се примени во случај кога предмет на тужбеното барање не е утврдување на оспорени побарувања, ниту побивање на правни дејства во стечајната постапка.

Од погоре цитираните законски одредби, неспорно произлегува дека овој член има примена единствено во ситуации кога како предмет на спорот е утврдување на оспорено побарување и побивање на правни дејства во стечајната постапка. Впрочем, истото произлегува и од Законот за стечај, каде што е даден пример дека правото на лице кое врз основа на свое стварно или лично право може да докаже дека некој предмет не спаѓа во стечајната маса, ќе се утврдува според правилата што важат за остварување на тие права надвор од стечајната постапка (член 125 од Законот за стечај). Дополнително, пример за непримена на овој член е поведување на спор за издавање на нотарски платен налог за парично побарување кое што го има стечајниот должник спрема трето лице врз основа на веродостојна исправа, кој спор ќе биде поведен согласно Законот за нотаријатот, а по евентуален приговор ќе се води согласно одредбите за постапки по платен налог од Законот за парничната постапка.

3. Дали членот може да се примени во предмет што не произлегол од стечајна постапка и не го водел стечаен судија?

Од сето погоре наведено, неспорно произлегуваат границите на примена на наведениот член и истите се јасно наведени во самата одредба. Тоа значи дека доколку спорот не се однесува на побарување во стечајната постапка и на побивање

на правни дејствија во стечајната постапка, истиот ќе продолжи да се води согласно одредбите од Законот за парнична постапка кои се однесуваат на конкретниот вид спор, согласно правилата за надлежност предвидени во Законот за парничната постапка.

За прашањето за разграничување на надлежноста на судовите да постапуваат по предмети после отворање на стечајна постапка донесено е Решение на Врховен суд на Република Македонија Р.бр.28/2018 од 22.2.2018 година.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата од член 93-а од Законот за стечај е јасна и нејзината примена недвосмислена и Барањето за давање на автентично толкување на овој член е неосновано.

**<u>Точка 42</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.130/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став 1 во делот „Закони“ од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно членот 2 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21) овој закон има предимство пред другите закони.

Со поднесената Иницијатива се поведува постапка за оценување на уставноста на делот „Закони“ од член 2 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, кој предвидува дека Законот за Народната банка на Република Северна Македонија има предимство пред другите закони. Според подносителот на Иницијативата начелото на владеење на правото предвидува дека, во правниот промет треба да постојат јасни, прецизни, концизни и недвосмислени норми и кои се јасно применливи во правниот промет.

Според подносителот на Иницијативата оспорениот дел е недоволно прецизен и јасен од причини што, во Република Северна Македонија, во правниот промет важат повеќе закони и прописи. Дополнително, подносителот укажува дека доколку под оспорениот дел „закони“ се подразбираат и сите други закони, тогаш тоа би можело да означува дека, сите останати закони, без оглед која правна материја или област во општествениот живот ја уредуваат, потребно е да бидат во согласност со тој оспорен дел од Иницијативата, па дури и процесните закони кои се донесуваат со двотретинско мнозинство од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Одредбата од членот 2 став (1) од Законот за Народната банка за прв пат е предвидена со Законот за Народната банка на Република Македонија објавен во Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10. Одредбата од членот 2 став (1) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија е дел од Законот на предлог на Меѓународниот монетарен фонд во рамки на спроведената техничка помош при подготовка на текстот на Законот во 2007 година, со цел обезбедување на независност на Народната банка од трите столба на државната власт, законодавна, извршна и судска.

Членот 2 став (1) треба да се гледа во корелација со членот 2 став (4), кој предвидува дека одредбите од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија не можат да се изменат, дополнат или престанат во целост или делумно со одредби од друг закон, како и со членот 43 став (6), кој предвидува обврска на Владата на Република Северна Македонија да се консултира со Народната банка при подготовка на прописите кои се однесуваат на прашања поврзани со целите, задачите и надлежностите на Народната банка утврдени со овој или друг закон. На овој начин е оценето од страна на Меѓународниот монетарен фонд дека е обезбедено предимство на одредбите од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија пред одредбите од други закони кои што можат да имаат влијание врз работењето на Народната банка.

Со одредбите од членот 2 став (1) не се дерогираат останатите закони, туку истата значи дека одредбите од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија треба да имаат предимство пред други закони коишто може да имаат влијание врз работењето на Народната банка и со кои може да се уредува работењето на Народната банка, а со цел заштита на нејзината независност.

Имајќи ги предвид уставниот принцип за владеење на правото и должноста за почитување на Уставот и законите, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, согласно со Уставот и Деловникот за работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе решение за отфрлање на Иницијативата У.бр.130/2022 за оценување на уставноста на член 2 став (1) во делот „Закони“ од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Надица Чаушевска-Заева од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13308 за КО Струмица, на КП бр.7859, викано место/улица „Чомлк“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, се укажува нотарот да се обрати до Општина Струмица за продолжување на постапката со користење на правото на првенствено купување на предметното земјиште.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маргарита Вангелова од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1695 и Имотен лист бр.101006 за КО Богданци, на КП бр.8537, викано место/улица „Град“, со дополнување и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92977 за КО Ѓорѓе Петров 6-Ѓорѓе Петров , на КП бр.9718 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје, за право на првенство на купување на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 155/885 идеален дел од КП бр.4463/1, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентирано во Имотен лист бр. 2353 и недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 256/370 идеален дел од КП бр. 4463/3, КО Ѓорче Петров 3-Дексион, евидентирано во Имотен лист бр.96012 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Кристина Костовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44759, за КО Гази Баба, на КП бр.1450, КП бр.1451, КП бр.1452, КП бр.1453, КП бр.1454, КП бр.1458/1, КП бр.1459, КП бр.1460, КП бр.1461, КП бр.1462, КП бр.1463, КП бр.1464, КП бр.1465 и КП бр.1469, викано место/улица „Перо Наков" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.16013 за КО Горно Лисиче-вонград, на КП бр.3660/1, викано место/улица „Бозеите" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19976 за КО Битола 1/2, на КП бр.5616, викано место/улица „Довлеџик" и Имотен лист бр.16923 за КО Битола 1/2, на КП бр.5613 и КП бр.5614, викано место/улица „Довлеџик" и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понуда од нотар Агрон Арслани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1969, Имотен лист бр.1970 и Имотен лист бр.1968 за КО Чаир, на КП бр.68, КП бр.67 и КП бр.75, викано место/улица „Чаир" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот-градежно земјиште запишан во Имотен лист бр.509 за КО Горно и Долно Оризари на КП 570/2 викано место/улица „Брест", со дополнување и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.51755 и Имотен лист бр.51752 за КО Калуѓерица, на

КП бр.2739 и КП бр.2718, викано место/улица „Плоча“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 24 февруари 2023 година, доставен под И.бр.2293/2018, за недвижен имот запишан во Имотен лист број 3563, за КО Бутел и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата заклучи:

**1.** Владата на Лила Пејчиновска-Миладиновска ѝ утврди престанок на функцијата секретар на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот и исполнување на условот за остварување на правото на старосна пензија.

**2.** Владата ја именува Оливера Нечовска за секретар на Секретаријатот за законодавство и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата го разреши Благој Христов од должноста член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот.

3.1 Владата го именува Арбен Халили, од редовите на големите трговски субјекти, за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**4.** Владата ја разреши Калиопи Влахова, стручен работник од Центарот за социјална работа, од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Струмица, поради заминување во пензија.

4.1 Владата ја именува Ружица Насковска, стручен работник од Центарот за социјална работа, за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Струмица.

**5.** Владата ја разреши Мирјана Панчурова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Струмица, на нејзино барање.

5.1. Владата го именува Владимир Михајловиќ за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Струмица.

**6.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем, поради истек на мандат, ги разреши:
- Назмије Мерко Забзун,
- Бранкица Крстаноска,
- Стојмир Стојаноски,
- Ацо Миладиноски и
- Суарта Амети.

6.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем, ги именува:
- Назмије Мерко Забзун,

- Бранкица Крстаноска,
- Стојмир Стојаноски,
- Ацо Миладиноски и
- Суарта Амети.

**7.** Владата го разреши Музафер Рамески од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија"-Скопје, поради истек на мандатот.

7.1 Владата го именува Музафер Рамески за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија"-Скопје.

**8.** Владата ја разреши Аземина Уцкан од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, поради истек на мандатот.

**9.** Владата го разреши Александар Велјановски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Скопје.

9.1 Владата ја именува Нуран Веселова за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Скопје.

<u>**Точка 55**</u>

**1.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 9 февруари 2023 година до 15 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата, по повод одбележувањето на 19-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија Борис Трајковски, на 26 февруари 2023 година (недела), заклучи претставници од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и претставници на Владата на Република Северна Македонија да присуствуваат и да положат свежо цвеќе на следните локации:

1) Во Ротимље, Босна и Херцеговина, Делегација во состав:
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи;
- Катерина Цаневска-Арсовска, советник на Претседателот на Република Северна Македонија и
- Полковник Биљана Блажевска, аѓутант на Претседателот на Република Северна Македонија.

2) Во Бутел, Скопје, со почеток во 11:30 часот, на гробот на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски, Делегација во состав:
- Стево Пендаровски, Претседател на Република Северна Македонија;
- Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење;
- Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и
- Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

3) Во Струмица, со почеток во 10 часот, на споменикот на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски Владина делегација во состав:
- м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и
- Борче Хаџиев, директор на Бирото за јавни набавки.

4) Се задолжува Министерството за надворешни работи, во координација со „Меѓународната фондација Борис Трајковски“, да преземе протоколарна коресподенција во врска со настанот за одбележување на 19-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски и да назначи офицери за врска за делегациите, за одбележувањето во Ротимље, Босна и Херцеговина.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе потребните безбедносни и сообраќајни мерки во Скопје.

6) Се задолжува Министерството за одбрана, по повод настанот за одбележување на 19-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски, да обезбеди соодветен број претставници на гардата на Армијата на Република Северна Македонија за положување цвеќе и материјално-техничка поддршка (опрема за положување цвеќе) од Армијата, на локација градски гробишта Бутел, во 11:30 часот.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди службени возила за лицата членови на делегацијата, црвени патеки, знамиња, носачи на венец и соодветен број на венци за делегациите на Владата на Република Северна Македонија на локација градски гробишта Бутел, во 11:30 часот.

8) Се задолжува одделението за протокол при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги организира протоколарните активности и да ги извести сите членови на вообичаените делегации за деталите за одбележувањата. Воедно, да го организира и положувањето на цвеќе и обезбедувањето на соодветен број на венци.

9) Се задолжува секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди медиумско покривање на настаните.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 9 февруари 2023 година до 15 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата ја разгледа Иницијативата за создавање можност за склучување посебни договори со производителите на специфика на лекови кои се иновативни и немаат конкуренција на пазарот, со Предлог на закон за дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, по скратена постапка и Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка и ја прифати со следните заклучоци:

1) Го утврди Предлогот на закон за дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, по скратена постапка, со заклучок Министерството за

здравство да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2) Пречистениот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

Претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

3) Го утврди Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, со заклучок Министерството за здравство да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

4) Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

Претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 9 февруари 2023 година до 15 февруари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го одложи од разгледување Барањето за изнаоѓање начин за функционирање на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт, со заклучок Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии и Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт, да ја разгледаат можноста и да предложат решение за понатамошно функционирање на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Советот за следење на состојбите во пензискиот систем, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договор за финансиска поддршка бр. 12-7530/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, сточарство, превоз, угостителство, трговија и услуги Кожара МЕНД експорт-импорт ДООЕЛ Куманово, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 09-7030/1 од 11.8.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговското друштво за производство, трговија, угостителство и услуги Спектрум сервис ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на Договорот за финансиска поддршка бр.09-7078/1 од 11.8.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Снегулка ДООЕЛ Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договор за финансиска поддршка бр. 09-10989/1 од 14.10.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство трговија и услуги Артисан мебел ДОО увоз-извоз Струмица, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договор за финансиска поддршка бр.10-7549/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство и промет Ука-комерц ДООЕЛ увоз-извоз Сарај, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договор за финансиска поддршка бр.09-6956/1 од 10.8.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, промет, застапување и услуги Интерпласт ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договор за финансиска поддршка бр. 12-7893/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, промет, застапување и услуги Илфа-текстил ДОО експорт-импорт Гостивар, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на Договорот за финансиска поддршка бр.10-7545/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна

Македонија и Заштитното друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз Примариус Охрид ДОО, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Агенцијата за млади и спорт (Сметка на основен буџет 637-16, Сметка на приходи од самофинансирачки активности 787-14 и Сметка за приходи од донации 785-55), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува директорот на Агенцијата за млади и спорт во рок од две недели до Владата да достави детален извештај за работењето на Агенцијата за млади и спорт, одделно по секоја точка од наодите на Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да подготви и во рок од 30 дена до Владата и до Државниот завод за ревизија да достави акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Агенцијата за млади и спорт (Сметка на основен буџет 637-16, Сметка на приходи од самофинансирачки активности 787-14 и Сметка за приходи од донации 785-55).

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Програмата за заштита на природата за 2022 година, со Извештај за статус на реализација на активности за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево за четвртиот квартал на 2022 година (1 октомври 2022 година-31 декември 2022 година), со дополнителни табели, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, за периодот октомври-декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“-Скопје, за периодот VII-IX2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Акцискиот план за отстранување на основите за мислење со резерва во Извештајот од независен ревизор за Годишната сметка за 2021 година, на АД Електрани на Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Акцискиот план за отстранување на основите за мислење со резерва во Извештајот од независен ревизор за Консолидираната годишна сметка за 2021 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година и ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 75**

Владата повторно го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за регистрација на шема за електронска идентификација за Отворен балкан во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја упише шемата за електронска идентификација за Отворен балкан во Регистарот на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација на ниско ниво на сигурност, согласно член 14 од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (ЗЕДЕИДУ).

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, а се препорачува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија активно да соработуваат и да дадат свој придонес при имплементација на активностите што треба да се преземат за целосно исполнување на преземените обврски од Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, а се препорачува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рок од десет дена до Министерството за информатичко општество и администрација да достават номинација на две лица, кои ќе бидат задолжени за да даваат поддршка во нивната област и да одговараат на прашањата од граѓаните поставени во рамки на контакт центарот на Националниот портал за електронски услуги.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за февруари 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 24.2.2023 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со февруарските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 27.2.2023 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред, составен според висината на пензијата:
- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 27.2.2023 година (понеделник),
- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 28.2.2023 година (вторник),
- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 1.3.2023 година (среда) и
- За пензии со висина над 18.001 денари, исплатата да се изврши на 2.3.2023 година (четврток).

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот наВладата на Република Северна Македонија**

**dr.Artan Grubi**